**С О О П Ш Т Е Н И Е 2Ц/м**

# Заверка на зимски и запишување летен семестар 2018/2019
# ВТОР циклус - магистерски студии (План 2013)
# Генерации 2013 - 2017

Доставувањето на комплетните документи за заверка на зимскиот и запишувањето на летниот семестар во учебната **2018/2019** година ќе се врши на шалтерите од Службата за студентски прашања од **12:30 до 14:30** часот, во периодот

од **14.2** до **20.2. 2019** година

## Online пријавувањето е задолжително.

Во овој рок е отворено и задолжителното **online** пријавување кое се врши преку информацискиот систем на **www.iKnow.ukim.edu.mk**

По овој рок online пријавувањето ќе биде оневозможено и студентите заверката и уписот на семестарот ќе можат да го извршат со молба и надомест за административни трошоци од 500,00 ден.

***НАПОМЕНА***: Студентите кои електронски ќе се пријават, а нема да достават комплетни документи во Службата за студентски прашања ќе бидат избришани и од електронската евиденција и уписот ќе можат да го извршат со молба и надомест од 500,00 ден.

## ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

**Потребни документи:**

1. **Индекс** (со реализиран потпис за предметите што се слушани во зимскиот семестар)
2. Образец за заверување семестар А4 пополнет со предметите што се слушале во зимскиот семестар, со уплатница за административна такса од 50,00 ден.

   **Празен семестар НЕ се заверува.**
3. Образец за запишување семестар А3, со уплатница за админ. такса од 50,00 ден. и уплатница од 500,00 ден. на сметката на ФЕИТ (за празен семестар, по изминати 2 год. студии)

4. Интерен пријавен лист за запишување предмети (треба да се достави лист кој ќе се испечати со print-screen од веќе направениот online избор).
5. Уплатници со реализирана уплата на рата на жиро-сметка на Факултетот.

*Напомена*: Двете уплати за административни такси можат да се извршат на една уплатница од 100,00 ден.

Студентите кои пријавувањето го вршат преку iKnow системот уплатите за административна такса можат да ги извршат и преку мобилен телефон и да ги внесат кодовите за потврдена уплата во соодветните полиња кај семестрите.

**Услови за заверување на семестарот**

1. Зимскиот семестар може да се завери доколку се исполнети академските обврски за сите предмети запишани во дадениот семестар, кое се потврдува со добиен потпис од предметниот наставник во индексот на студентот.
2. Семестарот може да се завери и без потпис за некои предмети, при што се плаќа вкупен НАДОМЕСТ од **1.000,00** денари на жиро-сметката на Факултетот. **Незаверените** предмети **не може** да се полагаат.

## Дополнителни информации за студентите

1. Студентите **треба да имаат пријавена тема** за магистерски труд.
2. Неположени предмети од летниот семестар се презапишуваат и се плаќаат по 25ЕУР од кредит.

***<u>НАПОМЕНИ:</u>***

**1. За задоцнета заверка и упис на семестар студентите плаќаат по 500,00 денари административен трошок на факултетската жиро с-ка.**

**2. Уплатите за административните такси може да се извршат на една уплатница од 100,00 денари.**

Скопје, 11.2.2019 година　　　　Студентска служба при ФЕИТ